**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
www.mrt.com.mk

**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и шестата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 26.08.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

**Присутни членови на Педесет и шестата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ Патриот Лумани, Ивана Ефремовски, Лазо Трпков, Маја Седрак, Миле Гроздaноски, Марјан Велевски, Томислав Кежаровски и Бурим Рамадани.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски***

Педесет и шестата седница на Програмскиот совет започна во 11:15 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и шестата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 55-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Информација за судска постапка во врска со изборот на Заменик на директорот на МРТ**
3. **Информација за емитувањето на спортски настани во рамките на програмските сервиси на МРТ**
4. **Информација за вршење јавни функции од страна на вработени во информативните програми на МРТ од аспект на професионалните стандарди и етичките начела**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 55-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и петата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ.**

**Точка 2. Информација за судска постапка во врска со изборот на Заменик на директорот на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека е важно Програмскиот совет навремено да биде информиран за текот на постапката, пред сè затоа што станува збор за судска постапка поведена во врска со одлука донесена токму од Програмскиот совет.

Во своето излагање тој истакна дека изборот и разрешувањето на директорот и заменикот на директорот на МРТ се меѓу надлежностите на Програмскиот совет утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ. Советот, постапувајќи во рамките на овие надлежности и по спроведената постапка за избор, на 13 јули 2026 година донесе Одлука за избор на заменик на директорот на МРТ. Оваа Одлука е предмет на поведениот управен спор.

Оттука, институционално важно е Програмскиот совет да биде информиран за позначајните околности и за текот на судската постапка што непосредно се однесува на одлука донесена од овој орган. Советот, како орган што ја донел оспорената Одлука, треба да биде информиран за нејзиниот понатамошен правен и институционален третман.

Тужбата со која е поведена постапката е доставена како материјал по оваа точка од Дневниот ред, со цел членовите на Советот непосредно да бидат запознаени со предметот и наводите содржани во неа.

Во однос на досегашниот тек, против Одлуката за избор на заменик на директорот е поведена судска постапка пред Управниот суд, при што е поднесен и предлог за определување времена мерка со која се бара запирање на натамошното извршување на Одлуката до завршувањето на постапката.

За застапување на МРТ во оваа постапка е ангажиран адвокат. Во досегашниот тек на постапката, Управниот суд се произнел дека е надлежен да постапува по предметот.

Претседателот појасни дека целта на оваа точка не е повторно да се отвора постапката за избор на заменик на директорот, ниту да се навлегува во детално разгледување на тужбените наводи и правните прашања за кои треба да одлучи Судот. МРТ своите правни и фактички аргументи ги изнесува и застапува во рамките на судската постапка преку ангажираниот адвокат, а целта на денешната точка е Програмскиот совет да биде информиран за досегашниот тек на постапката и за релевантните процесни случувања.

Од аспект на Програмскиот совет, беше истакнато дека Советот останува на ставот дека постапката за избор е спроведена во рамките на неговите законски и статутарни надлежности и во согласност со условите и постапката утврдени со Законот, Статутот на МРТ и релевантните акти врз основа на кои беше спроведен јавниот конкурс и донесена Одлуката за избор.

Истовремено, имајќи предвид дека оспорената Одлука е предмет на судска постапка која е во тек, беше нагласено дека оценката на наводите содржани во тужбата, како и на правните прашања покренати со неа, е во надлежност на судот.

Во оваа фаза беа изнесени наведените фактички информации, при што беше посочено дека доколку има потреба од дополнителни појаснувања во однос на текот на постапката, тие може да бидат обезбедени од надлежните служби и ангажираниот адвокат на МРТ.

По изнесената информација, Претседателот отвори дискусија. Никој од членовите не се пријави за збор. Програмскиот совет констатираше дека е информиран за досегашниот тек на судската постапка, која продолжува пред надлежниот суд.

**Точка 3. Информација за емитувањето на спортски настани во рамките на програмските сервиси на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и информираше дека истата е ставена на Дневниот ред по предлог на членот на Програмскиот совет, Томислав Кежаровски, кој побара Советот да разгледа прашање поврзано со телевизиското емитување на одредени спортски настани во рамките на програмските сервиси на МРТ.
Притоа, беше посочено дека Деловникот го утврдува правото на членовите да предлагаат прашања за разгледување од страна на Советот, а имајќи предвид дека конкретното прашање се однесува на програмските содржини на Јавниот сервис и на интересот на јавноста, беше оценето дека е оправдано истото да биде разгледано на седницата.

Томислав Кежаровски, како предлагач на точката, зема збор и посочи дека повод за разгледување на ова прашање било емитувањето на натпреварот на ФК Шкендија на МРТ 2, при што натпреварот бил емитуван само на албански јазик. Кежаровски истакна дека смета оти ваквиот начин на емитување може да создаде чувство на подвоеност кај јавноста, имајќи предвид дека станува збор за спортски клуб кој е дел од спортскиот живот на државата. Воедно, посочи дека можеби станувало збор за технички недостаток или за неможност да се излезе во пресрет на програмските потреби, поради што побара кратко објаснување во однос на причините за ваквото емитување.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, зема збор и даде појаснување во однос на соработката со Фудбалската федерација на Македонија и емитувањето на спортските натпревари. Тој посочи дека МРТ има одлична соработка со ФК Шкендија и дека, во конкретниот случај, биле обезбедени правата за пренос на натпреварите и подмирени финансиските обврски поврзани со нивното емитување.
Директорот информираше дека претходно бил емитуван натпреварот во Гибралтар, а потоа и натпреварот со Шкотска.
Во однос на прашањето зошто натпреварот не бил емитуван на МРТ 1, Директорот објасни дека тоа било условено од постојната програмска шема и неможноста преносот да се вклопи во предвидениот термин. Поради тоа, било побарано од МРТ 2 и од одговорниот уредник да се обезбеди соодветен термин за емитување, имајќи ја предвид и временската рамка за реализација на преносот.

Беким Лачи зема збор и праша зошто натпреварот не бил емитуван на МРТ 3.

Директорот зема збор и објасни дека МРТ 3 во моментот се користи за забавно-музички содржини и дека за тие цели, МРТ соработува со ЗАМП. Тој посочи дека евентуалното емитување на спортски натпревари на овој канал би значело прекинување на моментално утврдената програмска шема. Воедно, Директорот информираше дека МРТ 3 во моментов располага со двајца вработени и дека во тек е негово техничко уредување и подготовка за воспоставување целосно нова програмска шема.

Томислав Кежаровски зема збор и праша дали постои можност за обезбедување превод односно титлување на содржините што се емитуваат на МРТ 2.

Директорот зема збор и информираше дека се разговара и преговара во однос на можноста за обезбедување титлови, но дека за формално-правно регулирање на ова прашање ќе биде потребно спроведување на соодветна јавна набавка.

Претседателот Давор Пашоски зема збор и се надоврза на дискусијата истакнувајќи дека од даденото објаснување произлегува дека начинот на емитување на конкретните спортски настани е поврзан со финансиските и програмските можности и потреби на МРТ. Тој се осврна на член 110 став (1) алинеи 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои е утврдена обврската МРТ да ја развива и планира програмската шема во интерес на целокупната јавност и да обезбедува висококвалитетни програми за значајни настани и случувања, меѓу кои и спортски настани во Македонија, Европа и светот. Истакна дека истите принципи се содржани и во член 15 од Статутот на МРТ. Воедно, посочи дека меѓу програмските обврски на МРТ се и промовирањето на спортот и рекреативните активности, како и пренесувањето спортски настани од земјата и странство на кои учествуваат македонски национални тимови или спортисти, како и помалку застапените спортови. Како позитивен пример го посочи програмското покривање на Медитеранските игри и настапите на македонските спортисти, со што Јавниот сервис ја остварува својата програмска функција во областа на спортот. Во однос на конкретното прашање разгледувано на седницата, Пашоски истакна дека станува збор за настап на клуб од Македонија во меѓународно натпреварување, што не е идентична ситуација со настап на национален тим или репрезентативец, поради што не може да се заклучи дека постои обврска секој таков натпревар задолжително да биде пренесуван. Сепак, тој нагласи дека при проценката на програмскиот интерес треба да се земат предвид значењето на спортскиот настан, интересот на домашната публика и фактот дека станува збор за меѓународен настап на клуб од Македонија, имајќи ги предвид обезбедените права за емитување, како и програмските, финансиските, техничките и другите реални можности на МРТ. Пашоски нагласи дека разгледувањето на прашањето од страна на Програмскиот совет не треба да се сфати како навлегување во уредувачката политика или како определување на кој програмски сервис треба да се емитува конкретен настан. Улогата на Советот е прашањето да го разгледа од

аспект на јавната функција и програмските обврски на МРТ, додека конкретните програмски и уредувачки одлуки остануваат во надлежност на соодветните структури во МРТ.

По завршувањето на дискусијата, Претседателот го стави на гласање Предлог-заклучокот во однос на планирањето на спортските содржини и земањето предвид на јавниот интерес и програмските обврски на МРТ:
Програмскиот совет укажува дека при планирањето на спортските содржини и проценката на програмскиот интерес треба соодветно да се земаат предвид јавниот интерес и програмските обврски на МРТ, вклучително и значајните меѓународни спортски настани во кои настапуваат национални тимови, спортисти и клубови од Македонија, имајќи ги предвид обезбедените права за емитување, како и програмските, финансиските, техничките и другите реални можности на Јавниот сервис.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ.**

Предлог-заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**Точка 4. Информација за вршење јавни функции од страна на вработени во информативните програми на МРТ од аспект на професионалните стандарди и етичките начела**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред, исто така предложена од членот на Програмскиот совет Томислав Кежаровски, и истакна дека станува збор за исклучително важно прашање од аспект на професионалните и етичките вредности на Јавниот сервис.

Томислав Кежаровски зема збор и се заблагодари за дадениот простор ова прашање да биде разгледано на седницата образложи дека иницирал разгледување на прашањето за професионалниот статус на двајца новинари од Информативната редакција при МТВ 2 – Саније Касами Дураку и Арменд Мурсели, кои, според јавно достапните информации, истовремено вршат и избрани политички функции. Саније Касами Дураку е советничка во Советот на Град Скопје од редовите на ВЛЕН, додека Арменд Мурсели е советник во Советот на Општина Бутел од редовите на ДУИ. Кежаровски нагласи дека прашањето не го поставува од аспект на припадноста на одредена политичка партија, туку од аспект на тоа дали активно избрано политичко лице може истовремено да биде новинар во информативната редакција на јавниот сервис. Посочи дека станува збор за прашање на професионалните стандарди, независноста и непристрасноста на МРТ, како и за довербата на јавноста во јавниот сервис. Тој истакна дека, според него, истовременото вршење политичка функција и новинарска работа создава објективен конфликт на интереси и перцепција на пристрасност, дури и во случаи кога новинарот професионално ја извршува својата работа. Во таа смисла, нагласи дека новинарот не само што треба да биде непристрасен, туку треба и да биде перципиран како непристрасен, особено кога известува за политички субјекти, институции или прашања

со кои е поврзана неговата политичка функција. Притоа, посочи дека не е потребно да се утврди конкретна пристрасност, туку дека треба да се има предвид и дали таквата состојба може да создаде разумен сомнеж во независноста и непристрасноста на новинарот. Кежаровски се повика на релевантните одредби од Етичкиот кодекс на МРТ, особено членовите 23, 34 и 35, кои се однесуваат на политичката непристрасност, независноста на новинарите и избегнувањето ситуации кои можат да предизвикаат судир на интереси или сомнеж во објективното и непристрасното вршење на новинарската должност. Воедно, се осврна и на Кодексот на новинарите на Македонија, кој го третира конфликтот на интереси како спротивен на новинарската етика и ја нагласува обврската за непристрасно известување за политички прашања. Тој нагласи дека не бара санкционирање на двајцата новинари ниту оспорување на нивното право на политичка активност, туку институционално разгледување и превенција на можниот судир на интереси. Според него, прашањето треба да се разгледува како прашање на институционалниот интегритет на МРТ, а не како персонален проблем на конкретни лица. Во таа насока, Кежаровски предложи Програмскиот совет да препорача да се изврши правна анализа на нивниот статус, да се утврди дали истовременото вршење на политичка функција и работата во информативната редакција е во согласност со законските и интерните акти на МРТ и, до завршување на анализата, да не бидат ангажирани во информативните изданија. Доколку се утврди неспојливост или сериозен конфликт на интереси, предложи надлежните органи на МРТ да го регулираат нивниот работно-правен статус согласно закон. Кежаровски заклучи дека не бара санкција, туку воспоставување јасно институционално правило кое ќе важи за сите, со цел да се заштитат професионалниот интегритет на новинарите, независноста на информативната програма и довербата на граѓаните во јавниот сервис.

Музбајдин Ќамиљи зема збор и истакна дека, иако согласно законските одредби постои можност лицата да бидат дел од новинарскиот тим, од аспект на Етичкиот кодекс на МРТ постојат ограничувања и прашања кои треба да се разгледаат.

Беким Лачи зема збор и истакна дека му е драго што ова прашање се отвора на седницата, посочувајќи дека и претходно го има поставено. Тој нагласи дека е проблематично едно лице еден ден да настапува како политичар, а следниот ден да настапува како новинар. Во тој контекст, посочи дека, иако човекот е политичко битие, во Јавниот сервис не може истовремено да настапува како партиско битие во рамките на својата професионална улога. Лачи истакна дека во одредени случаи може да се забележи глорифицирање на политичари и посебно внимание треба да се посвети на политичките ставови што новинарите ги искажуваат преку социјалните медиуми.

Лазо Трпков зема збор и истакна дека постои прашање на еднаквост и етичка одговорност во однос на лицата кои вршат политички функции и оние кои учествувале во политички

активности, но не биле избрани. Тој посочи дека етички и професионално е важно новинарот да не зазема политичка страна, особено имајќи ја предвид улогата на јавниот сервис.

Томислав Кежаровски повторно зема збор и нагласи дека не бара санкционирање на лицата, туку дека суштината на прашањето е почитувањето на Етичкиот кодекс на МРТ и неговото значење за професионалниот интегритет на јавниот сервис.

Билјана Бабиќ зема збор и истакна дека при вршењето на новинарската професија треба да се избегнува судир на интереси и дека тоа претставува обврска на јавниот сервис. Таа посочи дека тешко може да се очекува целосна објективност од новинар кој активно припаѓа на одредена политичка партија, а во рамките на својата професионална работа треба да подготвува емисија или прилог со политички претставник од друга политичка партија.

Маја Седрак зема збор и истакна дека јавниот сервис има значително влијание во различни сфери на општествениот живот, поради што професионалноста и етичките стандарди треба да бидат на највисоко ниво. Таа посочи дека предложените мерки не треба да се сфатат како санкција, туку како начин за спречување на недостатокот на професионалност и можниот судир на интереси. Седрак истакна дека, имајќи ја предвид улогата на јавниот сервис во креирањето на јавното мислење, Етичкиот кодекс треба да има особено значење во ваквите ситуации.

Кежаровски зема збор и посочи конкретен пример поврзан со Сабије Дурату, која истовремено врши функција на советничка во Град Скопје. Тој го постави прашањето дали новинар кој во својство на советник дискутира за одредено прашање, на пример за работата на ЈСП, може истовремено како новинар да подготвува прилог за истото прашање. Во тој контекст, тој истакна дека е важно уредникот да биде запознаен со ваквиот професионален и политички ангажман на новинарот и да се обезбеди избегнување на можен судир на интереси.

Патриот Лумани зема збор и во рамките на своето излагање го отвори прашањето како е можно лице да користи боледување, а истовремено да биде работно ангажирано во друга институција.

Директорот Зоран Ристоски, одговарајќи на поставеното прашање, се осврна и пошироко на состојбите поврзани со организацијата на работата и функционирањето на МРТ. Тој информираше дека во МРТ била спроведена интерна анкета и дека, според добиените сознанија, продукцијата и техниката се меѓу сегментите во кои биле идентификувани позначајни проблеми во функционирањето на Јавниот сервис. Сепак, тој нагласи дека проблемите не треба да се разгледуваат изолирано само низ овие сегменти, туку дека станува збор за поширок, заеднички и системски проблем. Директорот посочи дека во рамките на системот постојат повеќе прашања кои треба да се решаваат на системско ниво и дека интересите и околностите во институциите со текот на времето се менуваат. Во

продолжение на своето излагање, Директорот се осврна и на пошироки општествени и институционални предизвици, при што, како пример, ги посочи состојбите во одредени европски држави и прашањето за влијанието на организираниот криминал врз функционирањето на институциите.

Миле Гроздановски зема збор и во рамките на своето излагање се осврна и на прашањето за телевизиските канали Арена, посочувајќи дека тие не располагаат само со спортски содржини, туку и со два дополнителни телевизиски канали од информативен карактер.

Директорот зема збор и истакна дека, во тој случај, не станува збор за спорни канали, имајќи го предвид карактерот на нивната програмска содржина, додека спортските права за настани од голем интерес за државата претставуваат пошироко прашање. Во тој контекст, Директорот посочи дека за одредени прашања постојат институционални начини на решавање и дека прашањето не треба да се гледа само како проблем на Јавниот сервис, туку и како поширок државен проблем. Тој нагласи дека спортот претставува област од значителен јавен интерес и дека прашањата поврзани со емитувањето на спортските настани треба да се разгледуваат на соодветен институционален начин.

Маја Седрак зема збор и предложи да се покрене иницијатива за формирање или активирање на Етичка комисија како тело кое ќе ги разгледува и адресира ваквите прашања поврзани со професионалните и етичките стандарди во МРТ.

Лазо Трпков зема збор и се надоврза на предлогот, истакнувајќи дека во најбрз можен рок треба да се разгледаат сите релевантни правилници и интерни акти на МРТ, со цел да се утврди дали постојната нормативна рамка соодветно ги регулира овие прашања.

Претседателот Давор Пашоски зема збор и истакна дека прашањето треба да се разгледува прецизно, од превентивен и институционален аспект, без прејудицирање на индивидуална повреда на Етичкиот кодекс или на неспојливост на јавната функција со работниот однос во МРТ. Пашоски посочи дека за Програмскиот совет е релевантен пред сè професионалниот и етичкиот аспект на истовременото вршење јавна функција и работа на политички и дневноинформативни содржини. Во тој контекст, тој се осврна на член 61 од Етичкиот кодекс на МРТ, според кој секој работник е должен да води сметка за можен или потенцијален судир на интереси, да го избегнува или да го пријави кај непосредниот раководител, а новинарот кај одговорниот уредник на програмскиот сервис, со цел состојбата да се разреши и да се спречи судир на интереси. Дополнително, истакна дека новинарите треба да бидат независни од политички, владејачки, деловни и други интереси кои би можеле да влијаат врз нивната објективност и да избегнуваат ситуации кои би можеле да создадат впечаток на пристрасност.

Пашоски нагласи дека прашањето треба да се разгледува принципиелно, без селективен пристап и без негово сведување на конкретна политичка припадност, при што

професионалните и етичките стандарди треба еднакво да се применуваат кон сите вработени во МРТ кои се наоѓаат во иста или споредлива ситуација. Во таа насока, посочи дека улогата на Програмскиот совет е, во рамките на своите надлежности, да даде соодветна препорака, додека определувањето на конкретни работни задачи, кадровски или организациски решенија треба да остане во надлежност на одговорните структури во МРТ. Тој истакна дека пристапот треба да биде еднакво применлив во сите програмски сервиси на МРТ, со цел превенција на можен судир на интереси и заштита на професионалната независност, непристрасноста и довербата на јавноста во МРТ како Јавен сервис.

По исцрпувањето на дискусијата, Претседателот го стави на гласање Предлог-заклучокот во однос на превентивното постапување во ситуации на можен судир на интереси или сомнеж во непристрасноста при истовремено вршење изборна јавна функција и работа на политички и дневноинформативни содржини:

Програмскиот совет укажува на потребата од превентивно постапување во ситуации во кои истовременото вршење изборна јавна функција и работа на политички и дневноинформативни содржини може да отвори прашање за потенцијален судир на интереси или да создаде впечаток на пристрасност.
Програмскиот совет препорачува одговорните уредници и другите надлежни лица во МРТ, секој во рамките на своите надлежности, да преземат соодветни превентивни мерки во однос на ангажирањето на вработените во подготовката и реализацијата на политички и дневноинформативни содржини, со цел да се избегнат ситуации што можат да претставуваат потенцијален судир на интереси или да создадат впечаток на пристрасност, согласно Етичкиот кодекс на МРТ и другите релевантни акти, со почитување на уредувачката и новинарската независност и правата на вработените.
Овој принцип да се применува еднакво во рамките на сите програмски сервиси на МРТ и во сите исти или споредливи ситуации.
Заклучокот да се достави до директорот на МРТ и до одговорните уредници на програмските сервиси, заради запознавање и постапување во рамките на нивните надлежности.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ.**

Предлог-заклучокот беше едногласно усвоен.

По усвојувањето на Предлог-заклучокот по четвртата точка, Ивана Ефремовски се осврна на прашањето поврзано со настанот разгледуван на претходната седница, во кој членови на Програмскиот совет биле вербално нападнати од лицето Денис Шабани. Таа праша што е преземено по однос на овој случај и истакна дека се очекува писмено извинување од лицето, како и соодветно постапување од страна на неговите претпоставени.

Томислав Кежаровски зема збор и го отвори прашањето за достапноста на записниците од седниците на Надзорниот одбор на МРТ. Тој посочи дека не наишол на објавени записници

од седниците на Надзорниот одбор и побара појаснување во однос на нивната достапност и начинот на нивното објавување, предлагајќи прашањето дополнително да биде разгледано.

По исцрпувањето на разгледувањето на прашањата, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски констатираше дека Педесет и шесттата седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството со што ја затвори Педесет и шесттата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:35 часот.

Записникот го водеше:

Делина Хајрадиновиќ

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-4787/3
26.08.2026г.

______________________

Давор Пашоски